Funded by the European Union

SEESAC

RegionalCooperationCouncil

# Кратко упатство за родова анализа за контакт точки за огнено оружје



Центарот за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Советот за регионална соработка (СРС) за зајакнување на националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесно оружје, со што придонесува за поголема стабилност, безбедност и развој во Југоисточна и Источна Европа.

Ова издание е изработено во рамките на регионалниот проект *„Поддршка за зајакнување на борбата против недозволеното поседување, злоупотребата и трговијата со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан“ (IPA/2021/425-067)*, финансиран од *Европската комисија, Генерален директорат за соседство и преговори за проширување, преку Инструментот за претпристапна помош.*

За дополнителни информации, ве молиме контактирајте со:
Раководител на SEESAC
Булевар Зоран Ѓинѓиќ 64, 11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
www.seesac.org

**Одрекување од одговорност**

Ставовите во овој документ не ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Ознаките и материјалите користени во оваа публикација не претставуваат искази на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во однос на: 1) правниот статус на која било јурисдикција, територија или област или на нејзините надлежни органи или вооружени групи; или 2) одредувањето на нејзините граници..

Уредник: Драган Божаниќ

Оригинален наслов: A Brief Guide to Gender Analysis for Firearms Focal Points

Дизајн и техничко уредување: КНАП

Превод: Игор Стефаноски

Место и година на издавање: Белград 2025

Испечатил: Биграф Плус, Белград

Тираж: 15 копии

ISBN-978-86-7728-410-7

© SEESAC 2025 – Сите права се задржани

# Благодарност

Би сакале да ја изразиме нашата благодарност до министерствата за внатрешни работи и, особено, до контакт точки за огнено оружје (КТО) во Западен Балкан за соработката и за придонесот во изработката на ова упатство. Упатството е изготвено како дел од сеопфатната техничка помош што ја дава SEESAC за подобрување на аналитичките, оперативните и институционалните капацитети на КТО во регионот.

Упатството е изработено од Драган Божаниќ, проектен аналитичар на SEESAC за родови прашања и истражување. Тоа во голема мера се заснова на *Обуката за вештини за критичко размислување и аналитички капацитети* и на *Обуката за анализа на разузнавачки информации за огнено оружје за КТО*, кои беа одржани од Ален Лапон, главен технички советник на SEESAC одн. од Мартин ван дер Меј, експерт на SEESAC за контрола на МЛО; двајцата експерти дадоа значителна поддршка во изработката на упатството.

Дополнително се искористени вредни информации и сознанија од Јелена Бујаковиќ, проектен специјалист за МЛО, и Јулијана Бузи, специјалист за регионална соработка.

# Цел и структура на упатството

Целта на упатството е да се поддржат контакт точки за огнено оружје (КТО) во интегрирањето на родовата перспектива во сите активности, преку доследно родово сензитивно собирање податоци и делотворна примена на родовата анализа за подобрување на разузнавачката слика. Надградувајќи на постојните стандардни оперативни постапки, упатството има за цел да овозможи интегрирање на родовата перспектива во редовното работење на КТО и да послужи како практична алатка за справување со клучните родови аспекти на криминалот со огнено оружје.

Упатството е структурирано во пет поглавја.

**Првото поглавје** дава концизен преглед на клучните податоци што ја прикажуваат родовата динамика на криминалот со огнено оружје и различните искуства на жените и мажите во овој контекст. Исто така, се истакнуваат клучните активности што се преземени во Западен Балкан за интегрирање на родовата перспектива во контролата на МЛО, како и заложбите за подобрување на аналитичките, оперативните и институционалните капацитети на КТО.

**Второто поглавје** се осврнува на стратешката важност на интегрирањето на родовата перспектива во работата на контакт точките за огнено оружје (КТО).

**Третото поглавје** дава вовед во родово сензитивното собирање податоци и дава детален преглед на различните видови родова статистика што се релевантни за работата на КТО.

**Четвртата глава** се фокусира на родовата анализа, испитувајќи ја врската помеѓу родовата и криминалистичката анализа и нагласувајќи ја улогата на родовата анализа во создавањето сеопфатна разузнавачка слика. Во продолжение се дава приспособена методологија со конкретни чекори за спроведување родова анализа во контекст на работењето на КТО.

Конечно, во **петтото поглавје** се нагласува важноста од вклучување на родовата анализа во аналитичките продукти на КТО.

Освен тоа, упатството вклучува поимник во кој се дефинираат клучните концепти во текстот.

# Содржина


Благодарност 5

Цел и структура на упатството 6

**1. Вовед 9**

**1.1 Зошто родовата перспектива е важна за разбирање и спречување на криминалот со огнено оружје? 10**

**1.2 Адресирање на родовите аспекти на огненото оружје во Западен Балкан 11**

**2. Стратешката важност на интегрирањето на родовата перспектива во работата на контакт точки за огнено оружје 15**

**3. Родово сензитивно собирање податоци 19**

**3.1 Родова статистика 20**

**4. Родова анализа 25**

**4.1 Родова и криминалистичка анализа 27**

**4.2 Од податоци до разузнавачки сознанија: улогата на родовата анализа 28**

**4.3 Упатство со конкретни чекори за интегрирање на родовата анализа во работата на КТО 29**

**Чекор 1: Собирање податоци - стекнување увид во положбата на жените и мажите 30**

**Чекор 2: Родово одговорно разузнавање - препознавање родови обрасци 34**

Студија на случај: Огненото оружје и семејното насилство во Западен Балкан 36

**Чекор 3: Анализа на основните причини – испитување на факторите зад идентификуваните обрасци 38**

Студија на случај:Огненото оружје и семејното насилство во Западен Балкан 39

**Чекор 4: Одговор на идентификуваните родови обрасци 40**

**Чекор 5: Консолидирање на родово одговорна разузнавачка слика 41**

**Чекор 6: Следење на трендовите и евалуација на одговорот 45**

**5. Употреба на родовата анализа во аналитички продукти на контакт точки за огнено оружје 47**

Студија на случај: Изложеност на млади мажи на насилство со огнено оружје – користење родова анализа за профилирање на проблеми и лица 49

ПОИМНИК 53

Избрани ресурси за род и контрола на мало и лесно оружје на SEESAC 57

# 1. Вовед

# 1.1 Зошто родовата перспектива е важна за разбирање и спречување на криминалот со огнено оружје?

Во Западен Балкан постојат повеќе истражувања[1] што даваат значителни докази за силни родови аспекти во темата огнено оружје и криминал поврзан со огненото оружје, како и за различни искуства на жените и мажите во овој контекст. Истражувањата покажуваат дека родовите аспекти на огненото оружје се очигледни во распределбата на огненото оружје (сопственост и побарувачка), обрасците на делување, динамиката и карактеристиките на криминалот поврзан со огнено оружје, различните влијанија од злоупотребата на огнено оружје врз жените и мажите, нивната изложеност на насилство со огнено оружје, улогата на огненото оружје во родово заснованото насилство и насилството врз жените и варијациите во искуствата и ставовите кон огненото оружје.

Во следниот преглед се истакнати клучните податоци што ја прикажуваат родовата динамика на криминалот со огнено оружје и различните искуства на жените и мажите во овој контекст:

1. **Во сопственоста, побарувачката и пристапот до огнено оружје има големи родови разлики.** Во регионот, мажите поседуваат 97,2% од вкупното легално поседувано огнено оружје, додека жените поседуваат 2,8%. Овие обрасци се постојани и може да се видат во непроменливите годишни трендови во издавањето нови дозволи.

   Податоци од регионално истражување спроведено во 2024 г. покажуваат дека мажите изјавуваат 3,5 пати почесто од жените дека би поседувале оружје, со 10,4% наспроти 2,9%. Ова е особено очигледно кај мажите на возраст од 18–30 години, кои почесто имаат позитивни ставови кон поседувањето огнено оружје отколку мажите од која било друга возрасна група.

   Покрај поседувањето огнено оружје од страна на цивили, мажите доминираат во професиите во безбедносниот сектор и во дејностите поврзани со огнено оружје. Претходното истражување на SEESAC покажа дека 91,2% од вработените во безбедносниот сектор во регионот со овластување да носат огнено оружје се мажи, во споредба со 8,8% жени. Освен тоа, мажите доминираат и во активности како што се лов и спортско стрелаштво, кои вклучуваат редовен пристап до огнено оружје.

2. **Кај извршувањето деликти има силни родови разлики, при што делата со огнено оружје се претежно извршени од мажи.** Во 2024 година, мажите сочинувале 98% од сторителите на дела поврзани со огнено оружје, со што се потврдуваат претходно документираните трендови. Вооруженото насилство од страна на мажи е поврзано и со возраста, при што младите мажи почесто злоупотребуваат огнено оружје отколку оние од другите возрасни групи. Само во 2024 година, мажите на возраст од 19 до 35 години сочинуваа нешто помалку од половина (45%) од сите сторители на инциденти поврзани со огнено оружје.

1 За повеќе детали, посетете ја веб-локацијата на SEESAC, База на знаење за МЛО, дел Родот и МЛО.

3. **Ризиците поврзани со огнено оружје значително се разликуваат кај жените и мажите. Вооруженото насилство врз мажи се јавува првенствено во криминален контекст, јавни спорови и неодредени престрелки**. Анализа на SEESAC документира дека, од мажите убиени со огнено оружје во регионот, 24,9% биле убиени во јавни спорови, 24,4% во криминален контекст, 23,4% во престрелки со непозната причината и 11% во семејно насилство, речиси исклучиво извршено од други машки членови на семејството.

4. **Жените го сочинуваат мнозинството жртви на семејно насилство со огнено оружје.** Додека е поверојатно мажите да злоупотребат огнено оружје отколку да бидат жртви, жените имаат десет пати поголема веројатност да бидат жртви отколку сторители на инциденти со огнено оружје. Оваа несразмерно голема застапеност на жените меѓу жртвите на вооружено насилство е главно поврзана со употребата на огнено оружје во семејно насилство и насилство од интимен партнер. Од 2019 до 2023 година, 68,4% од жените убиени со огнено оружје во регионот биле убиени од членови на семејството, наспроти 10,9% од мажите. Жените се особено изложени на ризик да бидат убиени со огнено оружје од интимниот партнер — ова сочинува 50,7% од сите фемициди со огнено оружје во регионот.

5. **Родовите трендови во деликтите, виктимизацијата, родово заснованото насилство, сопственоста и побарувачката се исклучително стабилни, а се регистрираат само мали флуктуации.** Како што се дискутира подолу во упатството, преовладувачките родови норми, улоги и нееднаквости, во сложена интеракција со други фактори, ги обликуваат и придонесуваат за специфичните искуства и ризици со кои се соочуваат жените и мажите во врска со огненото оружје и криминалот поврзан со огнено оружје.

## 1.2 Адресирање на родовите аспекти на огненото оружје во Западен Балкан

**Родово одговорна контрола на огнено оружје/мало оружје**[2] означува законодавство, политики, програми и операции за контрола на оружјето што ги земаат предвид и активно ги адресираат различните искуства и улоги на жените, мажите, девојчињата и момчињата во однос на (контролата на) малото оружје, како и родово специфичните ризици во врска со пролиферацијата и злоупотребата на мало оружје.

Спротивно на тоа, занемарувањето на родовата димензија на употребата, злоупотребата и поседувањето огнено оружје, како што е документирано во претходни истражувања на SEESAC, значително ја поткопува делотворноста на мерките за спречување на криминалот со огнено оружје и вооруженото насилство. Последиците од овој таканаречен **родово слеп пристап** се очигледни во постојаните трендови, вклучувајќи ја преваленцата на фемициди извршени со огнено оружје и зголемената ранливост на младите мажи на вооружено насилство, и како сторители и како жртви.

2 Во контекст на ова упатство, термините „огнено оружје“, „мало оружје“ и „оружје“ се користат како синоними.

### Рамка 1: Што е тоа интегрирање на родовата перспектива? [3]

Интегрирањето на родовата перспектива е меѓународно усвоено како клучна стратегија за остварување родова рамноправност.

Дефиницијата на ОН за „интегрирање на родовата перспектива“ [ЕКОСОК (1997/2)] е: „Оценување на импликациите врз жените и мажите од која било планирана активност, вклучувајќи законодавство, политики или програми, во сите области и на сите нивоа.“ Тоа е стратегија за вклучување на грижите и искуствата и на жените и на мажите, во дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките и програмите во политичката, економската и општествената сфера, со цел жените и мажите да имаат еднаква корист, а нееднаквоста да не се продолжува. Крајната цел е постигнување родова рамноправност“.

Во соработка со институциите во регионот, SEESAC презеде сеопфатни активности за поддршка на интегрирањето на родовата перспектива во контролата на МЛО, вклучувајќи:

- зајакнување на капацитетите на институциите надлежни за контрола на оружјето за интегрирање на родовата перспектива во работењето (преку обука, подучување, советодавна поддршка и изработка на практични алатки),
- континуирано истражување и собирање податоци, како и поддршка за развој на политики и операции за контрола на оружјето во регионот што се засновани на докази и родово одговорни,
- зголемување на свеста за врските помеѓу родот и малото оружје, и
- зголемување на учеството на жените во креирањето политики за контрола на оружјето.

Во опсежната родова анализа на законодавството и политиките за контрола на малото оружје спроведена во 2021 г. се заклучи дека институциите во Западен Балкан постигнале значителен напредок во интегрирањето на родовата перспектива во политиките за контрола на малото оружје и зголемувањето на родовата одговорност. Стратегиите и акциските планови за контрола на МЛО усвоени во регионот **вклучуваат конкретни цели за целосно интегрирање на родовите и возрасните перспективи во контролата на МЛО**. За таа цел, предвидени се повеќе мерки, меѓу кои:

- понатамошно развивање на институционалните капацитети за интегрирање на родовата перспектива,
- подобрување на водењето евиденција и родово сензитивното собирање податоци,
- адресирање на поврзаноста меѓу огненото оружје и семејното насилство,
- одговор на родовите аспекти на побарувачка, употреба и злоупотреба на огнено оружје — вклучително и поврзаноста помеѓу општествено доминантните норми за мажественост и огненото оружје, и
- зголемување на учеството и застапеноста на жените во контролата на оружјето.

3 Група за одржлив развој на ООН, 2019 г., Интегрирање на родовата перспектива.

Анализата покажа дека идните заложби треба да се сконцентрираат на поддршка на институциите во интегрирањето на родовата перспектива на оперативно ниво, со што јасно ќе се демонстрира нејзината практична вредност во контролата на оружјето.

Такви активности се спроведени во рамките на регионалниот проект *„Поддршка за зајакнување на борбата против недозволеното поседување, злоупотребата и трговијата со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан“*, финансиран од Европската комисија, Генерален директорат за соседство и преговори за проширување, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА II). Преку овој проект, SEESAC им обезбедува поддршка на властите во Западен Балкан за интегрирање на родовата перспектива во контролата на МЛО. Ова вклучува, на пример, изработка на практични упатства за родово одговорно издавање дозволи за огнено оружје[4] и упатства за соодветно оценување на ризиците и спречување на употребата на огнено оружје при семејно насилство.[5]

Во однос на КТО, SEESAC обезбеди сеопфатна техничка помош, обука и иницијативи за регионална соработка, заради подобрување на нивните аналитички, оперативни и институционални капацитети. Ова вклучуваше изготвување на стандардни оперативни постапки, специјализирана обука за теми, како што се аналитички вештини, онлајн-истраги, разузнавање од отворени извори, критичко размислување, како и насочена техничка поддршка. Исто така, SEESAC поддржа зајакнување на меѓуинституционалната соработка меѓу КТО, обвинители, експерти за балистика и други единици за спроведување на законот, подобрување на синџирот од разузнавачки информации до докази и почеста употреба на аналитички продукти во истраги и кривични постапки. Понатаму, преку поддршка на учеството на заеднички акциски денови, студиски посети и размена со колеги од ЕУ, SEESAC помогна да се усогласат регионалните методологии со стандардите на ЕУ и на Европските експерти за огнено оружје (ЕФЕ).

Со организирање годишни состаноци на КТО од 2018 година, SEESAC го поддржа воспоставувањето на клучна регионална координативна платформа за разузнавачки информации за огнено оружје, овозможувајќи систематска размена на знаење, хармонизација на аналитичките пристапи и кохерентност на регионално ниво во справувањето со новите закани. Овие заложби резултираа со мерливи подобрувања на квалитетот, конзистентноста и фреквенцијата на аналитичките продукти, пошироко споделување информации во регионот и посилна меѓународна соработка, вклучително и следење и соработка со механизмите на ЕУ.

Во овој контекст, КТО добиваат поддршка и за интегрирање на родовата перспектива во работењето. За таа цел, во 2022 г. се одржа регионална работилница за родовите аспекти на криминалот со огнено оружје, а во 2024 г. се одржа советодавна работилница за изработка на ова упатство, кое се заснова на овој процес и на изразените потреби и приоритети на КТО собрани преку консултации.

Исто така, упатството се надоврзува на *Обуката за вештини за критичко размислување и аналитички капацитети* и *Обуката за анализа на разузнавачки информации за огнено оружје за КТО*, кои беа одржани од SEESAC во 2022 одн. во 2024 година.

4 SEESAC, 2024 г., Прирачник за родово одговорен процес на одобрување дозволи за огнено оружје.

5 SEESAC, 2024 г., Прирачник за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотреба на огнено оружје во семејно насилство.

## Клучни сознанија

- Во однос на огненото оружје и криминалот поврзан со огнено оружје постојат големи разлики меѓу родовите. Жените и мажите имаат различни искуства со огнено оружје и се соочуваат со родово специфични ризици.

- Преовладувачките родови норми и улоги, како и доминантните концепти за мажественоста и женственоста, ги обликуваат овие искуства, во интеракција со други фактори.

- Родово одговорната контрола на малото оружје ги зема предвид и дава одговор на различните искуства и родово специфични ризици на жените, мажите, девојчињата и момчињата поврзани со огненото оружје.

- Спротивно на тоа, занемарувањето на родовата димензија во контролата на оружјето ја поткопува делотворноста на заложбите за спречување на насилството со огнено оружје, а последиците од овој родово слеп пристап се очигледни во постојаните трендови.

- Во Западен Балкан, моменталните активности на законодавно, политичко и оперативно ниво имаат за цел да ја интегрираат родовата перспектива во контролата на малото оружје.

# 2. Стратешката важност на интегрирањето на родовата перспектива во работата на контакт точки за огнено оружје

Контакт точка за огнено оружје (КТО) нуди интегрирани тактички и стратешки разузнавачки услуги за информирање и поддршка на органите за спроведување на законот, заради подобро разбирање и ефективно справување со криминалот поврзан со огнено оружје.[6]

За да се постигне ова, КТО собира информации, генерира разузнавачки информации преку анализа и го подобрува протокот на информации за нелегалното поседување, криминалната употреба и недозволената трговија со огнено оружје и основни компоненти и муниција за истото од и кон странство и во рамките на јурисдикциите, и на домашно и на меѓународно ниво, на стратешко и оперативно ниво.

Со оглед на силните родови аспекти на огненото оружје и криминалот поврзан со огнено оружје, разузнавачката слика треба да ја одразува и оваа динамика. Затоа, јасното препознавање на родовите обрасци во деликтите, виктимизацијата и последиците од злоупотреба на огнено оружје, како и дистрибуцијата на огнено оружје, е составен дел од создавањето сеопфатна разузнавачка слика. Доследното интегрирање на родовата перспектива во работата на КТО е клучен предуслов за генерирање родово одговорни разузнавачки информации, што служи како основа за делотворни политики и оперативни одговори.

На оперативно ниво, таквото разбирање на родовите обрасци во криминалот со огнено оружје влијае врз целиот процес на собирање податоци, нивна анализа и генерирање разузнавачки информации, осигурувајќи дека карактеристиките и динамиката на трендовите и проблемите поврзани со огненото оружје ќе бидат точно идентификувани и делотворно адресирани.

Во Западен Балкан беа усвоени сеопфатни **стандардни оперативни постапки (СОП) за КТО**, во кои се утврдија концептот, целта, визијата и клучните функции на КТО.

Во СОП се нагласува важноста на родовите аспекти, особено во градењето база на знаење и разбирањето на криминалот поврзан со огнено оружје, како и во создавањето поширока разузнавачка слика, вклучувајќи ги и родовите аспекти на криминалот поврзан со огнено оружје. КТО е одговорна да обезбеди **интегрирање на родовата анализа во сите фази, вклучувајќи го собирањето и интеграцијата на разузнавачки информации,** стратешките разузнавачки проценки, како што се проценките на заканите, разузнавачките пакети за тактички операции, *ад хок* разузнавачките извештаи, прогнозите и скенирањето на хоризонтот, како и изготвувањето препораки.

За таа цел, во СОП конкретно е наведено дека КТО:

- собира и интегрира сеопфатни, ажурирани и родово сензитивни разузнавачки информации за огнено оружје и балистика.
- подготвува препораки за пренасочување и спречување криминал со огнено оружје, вклучувајќи ги и родовите аспекти на криминалот со огнено оружје.
- изготвува и дисеминира статистички извештаи што се потребни за следење на родовите аспекти на криминалот со огнено оружје, вклучувајќи ги и врските со родово заснованото насилство, за да се обезбеди поголема родова одговорност на релевантното законодавство, политики и оперативни одговори, преку

6 SEESAC, 2020 г., Упатство за основање контакт точка за огнено оружје.

подобрување на сеопфатната и систематска употреба на родовата анализа.

- обезбедува статистика, информации, проценки и извештаи, вклучително и статистики поврзани со родот, до соодветните контактни точки, за употреба на меѓународно ниво.

- дава дополнителни детали за оружје употребено во кривично дело, покрај балистичка идентификација, вклучително и евентуалните применети методи за конверзија или други релевантни карактеристики што можат да помогнат во истрагата, како и евентуалните родови аспекти на кривичното дело.

Во стандардните оперативни постапки (СОП) се предвидува и дека разузнавачките продукти на КТО, како што се ад хок разузнавачки извештаи, тактички и стратешки оценки, профили на проблеми и профили на субјекти, треба да се засноваат на темелна родова анализа.

**Ова упатство има за цел да ги поддржи КТО во овие заложби и да ја подобри нивната оперативната ефективност преку интегрирање на родовата перспектива во активностите. Ова ќе се постигне со:**

- **обезбедување доследно родово сензитивното собирање податоци заради подобрување на достапноста на родова статистика; и**

- **доследно користење на родова анализа за подобрување на разузнавачката слика.**

**Со тоа, главна цел на упатството е да се поддржи интегрирањето на родовата перспектива во редовните работи што веќе ги извршуваат службениците во КТО и служи како помош за професионалците за подобро решавање на родовите прашања во секојдневната работа, надградувајќи на постојните постапки и деловни процеси.**

## Клучни сознанија

- Во Западен Балкан беа усвоени сеопфатни СОП за КТО, со акцент на интегрирањето на родовата анализа во сите фази на криминалистичкото разузнавање поврзано со огнено оружје.

- Родовите аспекти се од суштинско значење за сите клучни функции на КТО, вклучувајќи:
  - собирање и интегрирање на сеопфатни и ажурирани разузнавачки информации за огнено оружје,
  - стратешки разузнавачки проценки, кои го опишуваат обемот и природата на криминалот поврзан со огнено оружје,
  - разузнавачки пакети за тактички операции насочени кон клучните аспекти на криминалот со огнено оружје, како што се профилирање на проблеми, профилирање на субјекти и тактички проценки,
  - прогнози и скенирање на хоризонтот,
  - изготвување препораки за пренасочување и спречување на криминал поврзан со огнено оружје.

# 3. Родово сензитивно собирање податоци

Во контекст на ова упатство и стандардните оперативни постапки за КТО, родово сензитивното собирање податоци се однесува на систематски процес на собирање и категоризирање на податоци на начин што ги препознава и одразува родовите аспекти на криминалот со огнено оружје и различните искуства и ризици со кои се соочуваат жените и мажите во овој поглед. Тоа придонесува за создавање родово сензитивен сет на разузнавачки информации за огнено оружје и балистика, кој КТО го користат при извршување на своите задачи.

Родово сензитивното собирање податоци се потпира на родово сензитивни концепти и методи за да гарантира дека собраните податоци ќе бидат корисни за родова анализа, истражување, креирање политики и за работењето воопшто. Целта е да се избегнат родови предрасуди во методологиите, алатките или мерењата и да се даде приоритет на вклучувањето на прашања што се од клучно значење за разбирање на родовата рамноправност во контекст на контролата на МЛО.

## 3.1 Родова статистика[7]

Родово сензитивното собирање податоци генерира **родова статистика**, која има за цел да ја регистрира вистинската положба на жените и мажите во општеството и специфичните реалности во нивните животи. Затоа, треба соодветно да ги одразува разликите и нееднаквостите во положбата на жените и мажите во сите области од животот.

Исто така, родовата статистика бара активно дејствување за да се обезбеди дека **статистичките податоци поврзани со лицата ќе се собираат, составуваат, анализираат и претставуваат расчленети по пол и возраст, ќе одразуваат теми и прашања што се релевантни за жените и мажите во општеството** и ќе бидат усогласени со меѓународните обврски.

Родовата статистика е клучна за родова анализа, истражување, политики засновани на докази и на работењето воопшто. Институциите собираат, анализираат и користат вакви статистички податоци за да препознаат недостатоци, да ги користат како основа за политиките и работењето и за следење на напредокот со текот на времето.

Во контекст на контролата на МЛО, родовата статистика треба соодветно да одразува како жените и мажите ги доживуваат обрасците на сторување кривични дела и виктимизација, специфичните ризици со кои се соочуваат во врска со огненото оружје, особено во однос на родово заснованото насилство, како и обрасците на дистрибуција на огненото оружје.

7 Ова поглавје се заснова на: Оддел за економски и социјални работи при Секретаријатот на Обединетите нации, 2016 г., „Интегрирање на родова перспектива во статистиката“ и на UN Women, 2024 г., „Програма за обука за родова статистика“

## Родовата статистика вклучува неколку видови податоци:

### а) Податоци расчленети по пол

Ова се податоци што се собираат и категоризираат според пол, индивидуална карактеристика што најчесто се евидентира во пописи, анкети и административни евиденции како примарна и општа класификација. Статистички податоци расчленети по пол се податоци што се собираат, анализираат и претставуваат одделно за жени и мажи.

Пример: број на сопственици на огнено оружје или број на жртви на убиства со огнено оружје расчленети по пол (жени/мажи).

Податоците расчленети по пол се почетна точка - кога ќе се анализираат, можат да откријат разлики во животот на жените и мажите што произлегуваат од родови улоги и очекувања. Со расчленување на податоците или со собирање расчленети податоци, КТО можат да откријат трендови или корелации што инаку би останале скриени во агрегирани податоци, што им овозможува поделотворно да идентификуваат и дефинираат специфични проблеми.

На пример, агрегираните податоци за односот меѓу жртвите и сторителите откриваат дека инцидентите поврзани со огнено оружје најчесто се случуваат меѓу пријатели, познаници или соседи, по што следат непознати луѓе, потоа членови на семејството и на крај, меѓу интимни партнери (приказ 1).

Приказ 1: **Однос помеѓу жртвите и сторителите во инциденти со огнено оружје**




Меѓутоа, кога овие податоци ќе се расчленат по пол, се појавуваат различни искуства и ризици. Жените се значително поранливи на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство, додека мажите се соочуваат со поголем ризик од насилство во други контексти. Имено, расчленетите податоци откриваат дека кај жените постои 40 пати поголема веројатност отколку кај мажите да доживеат злоупотреба на огнено оружје од страна на интимниот партнер, што ја нагласува важноста од подготовка на приспособени одговори засновани на ова сознание за справување со овие родово специфични ризици.

Приказ 2: **Однос помеѓу жртвите и сторителите, според полот на жртвата**




Покрај расчленувањето по пол, податоците треба да се **расчленат и по возраст**, бидејќи многу обрасци, однесувања и влијанија значително варираат со возраста. На пример, во контекст на криминалот со огнено оружје, младите мажи на возраст од 18–30 години несразмерно често се изложени на вооружено насилство, и како сторители и како жртви. Без конзистентни податоци расчленети по пол и возраст, овие критични проблеми остануваат невидливи, што спречува развивање и спроведување на ефективни превентивни мерки.

**Понатамошното расчленување на податоците** овозможува подетални сознанија и создавање посеопфатна разузнавачка слика. Ако е соодветно, и во согласност со важечкото законодавство за заштита на лични податоци, може да се евидентираат и други променливи, како што се попреченост, етничка припадност, семеен статус, сексуална ориентација, родов идентитет, место на живеење, социјално-економски статус и друго.

Расчленување на податоците барем по пол и возраст е предуслов за разбирање на родово специфичните последици од злоупотребата на мало оружје и за изготвување родово одговорни иницијативи засновани на докази за нивно решавање. Без точни информации за различните ризици од малото оружје за жените и мажите и нивните специфични безбедносни потреби, се ризикува дека интервенциите за контрола на малото оружје ќе бидат родово слепи, што може да спречи постигнување резултати што се корисни за жените и девојчињата.[8]

## б) Податоци што се однесуваат конкретно на жени или мажи

Ова се однесува на информации собрани за специфични карактеристики, искуства, однесувања или состојби што се уникатни или претежно влијаат врз жените или мажите. Овој вид на податоци оди подалеку од општата статистика за населението и се фокусира конкретно на различните реалности на половите, кои можат да бидат обликувани од биолошки, општествени, културни или економски фактори.

8 УНОДА, 2022 г., Прирачник за обука за интегрирање на родовата перспектива во контролата на малото оружје.

Во контекст на ова упатство, фемицидите со огнено оружје - дефинирани како убиство на жена од страна на маж мотивирано од омраза кон жените, презир, задоволство, чувство на сопственост или надмоќ над жените - се пример за такви податоци.

## в) Податоци што одразуваат родови прашања

Во врска со овој вид на податоци, важно е да се напомене дека некои статистички податоци што даваат родова перспектива не се нужно расчленети по пол, но сепак одразуваат родови прашања. На пример, несразмерно големите последици од злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз жените е родово прашање. Затоа, *податоците за бројот на инциденти со огнено оружје во контекст на семејно насилство или за бројот на одземени дозволи за огнено оружје поради насилство од интимен партнер или семејно насилство* одразуваат родови прашања, дури и ако самите податоци не се расчленети по пол. Други примери за такви податоци се дадени подолу во упатството.

***

Важноста на родовата статистика е препознаена и во законите за родова рамноправност во Западен Балкан, кои бараат статистичките податоци и евиденции што се собираат, евидентираат и обработуваат во јавни органи и институции на сите нивоа да бидат расчленети по пол.

## Клучни сознанија

- Родово сензитивно собирање податоци е систематското собирање и категоризација на податоци што ги зема предвид специфичните искуства и ризици со кои се соочуваат жените и мажите во врска со огнено оружје и кривични дела со огнено оружје.
- Родовата статистика треба соодветно да одразува како жените и мажите ги доживуваат обрасците на сторување кривични дела и виктимизација, специфичните ризици со кои се соочуваат во врска со огненото оружје, особено во однос на родово заснованото насилство, како и обрасците на дистрибуција на огненото оружје.
- Родовата статистика вклучува податоци расчленети по пол, податоци што се однесуваат конкретно на жените и мажите и податоци што одразуваат родови прашања.
- За КТО, собирањето и анализирањето на сите три вида податоци е подеднакво важно.
- Со вклучување на овие елементи, родово сензитивното собирање податоци гарантира политиките и интервенциите ефективно да ги задоволуваат различните потреби и искуства и на жените и на мажите.



# 4. Родова анализа

Родовата анализа е систематски аналитички процес за препознавање, разбирање и опишување на родовите аспекти на одредено прашање, неговата родова динамика и релевантноста на родовите улоги и динамиката на моќ во одреден контекст.[9]

Со помош на податоци расчленети по пол и родова статистика, **родовата анализа ги дава потребните сознанија и препораки за интегрирање на родовата перспектива во политики, програми и во работењето (EIGE).** Спроведувањето на родова анализа овозможува развој на интервенции што ги земаат предвид родовите нееднаквости и ги задоволуваат различните потреби на жените и мажите.

Родовата анализа ги испитува квалитативните разлики меѓу жените и мажите во одреден контекст. Го подобрува нашето разбирање за улогите и положбата на мажите и жените во одредена област, разјаснувајќи ги нивните улоги и динамиката на моќ во поширокага заедница. Со анализа на овие односи, улоги и структури на моќ, родовата анализа идентификува фактори што придонесуваат за ранливост. Овој пристап помага да се избегнат погрешни претпоставки и гарантира дека нема да претпоставиме дека сите ќе имаат подеднаква корист од одредена интервенција. Се истакнува како мажите и жените можат различно да бидат засегнати од околностите или можат различно да придонесат за подобрување на сопствената положба. Таквото знаење е клучно за дизајнирање ефективни програми.[10]

Во контекст на малото оружје, родовата анализа е главната алатка што се користи за да се идентификува како родовата динамика и родовите обрасци се поврзани со криминалот со огнено оружје, како и специфичните ризици за жените и мажите во овој поглед.[11]

Во рамките на КТО, целта на родовата анализа е да се препознаат и објаснат родовите обрасци и да се испита влијанието на родовите норми, улоги и динамика во однос на:

- сторувањето кривични дела,
- патиштата до криминал, вклучувајќи го влијанието на родовите улоги и очекувања,
- ризични и заштитни фактори во контекст на криминалот со огнено оружје,
- насилството со огнено оружје и улогата на огненото оружје во семејното насилство,
- побарувачката и дистрибуцијата на огнено оружје, и легално и нелегално, како и видовите муниција што се користи.

Притоа, родовата анализа има за цел да ги препознае специфичните ризици за жените и мажите, да обезбеди подобро разбирање на природата, обемот, сериозноста и зачестеноста на криминалот со огнено оружје, **да ги испита причините во неговата основа** и да обезбеди дека ќе се препознаат и ќе се земат предвид потребите и на жените и на мажите во сите фази од политичкиот и оперативниот циклус. Така, родовата анализа придонесува за подобра родова одговорност во работењето, политиките и законодавството.

**9** УНДП, Како да се спроведе родова анализа на програмите: кратко упатство за персоналот на УНДП.

**10** Група за одржлив развој на ООН, 2019 г., Интегрирање на родовата перспектива.

**11** УНОДА, 2022 г., Прирачник за обука за интегрирање на родовата перспектива во контролата на МЛО, стр. 69.

### Како функционира родовата анализа?

Родовата анализа се овозможува со специјализирани аналитички алатки и може да се спроведе во која било фаза, за да се подобри разбирањето и делотворноста на операциите и политиките. Овој процес вклучува различни пристапи и методологии. Развиен е сеопфатен сет на практични методи, како што се прирачници, контролни листи и упатства за родова анализа. Овие ресурси се слободно достапни и можат да се приспособат на одреден контекст во кој се применува анализата, со што се обезбедува релевантност и приспособливост на различни средини и цели.

Генерално, родовата анализа е процес што вклучува неколку чекори:

1. Собирање податоци,
2. Препознавање и објаснување на родовите обрасци во одреден контекст, што помага да се разберат различните обрасци и последиците од овие разлики,
3. Користење на наодите како основа за креирање политики и во работењето.

Родовата анализа зависи од квалитетот и квантитетот на родово сензитивни податоци и информации расчленети по пол и возраст. Тие се суштински значајни за секоја родова анализа, бидејќи даваат докази што се основа за изработка, спроведување и следење на родово одговорни, делотворни и одржливи програми за мало оружје.[12]

## 4.1 Родова и криминалистичка анализа

Во контекст на работата на КТО, родовата анализа е тесно поврзана со криминалистичката анализа и ја поддржува преку идентификување на проблеми што се повторуваат, давање приоритет на оние што треба да се разрешат, разбирање на факторите што придонесуваат за нив, развивање и спроведување приспособени решенија и оценување на ефективноста на интервенциите. Затоа, за КТО родовата анализа не треба да се гледа одвоено од криминалистичката, туку како нејзин составен дел - криминалистичка анализа што го вклучува родот како суштинска аналитичка категорија.

Во оваа смисла, родовата анализа е компатибилна и ја подобрува криминалистичката разузнавачка анализа како проучување на обрасците и трендовите на криминалот, заради решавање кривични дела или спречување на нивно повторување.[13]

Применувањето на родовата перспектива во собирањето и анализата на информации фрла светлина врз знаци на нестабилност што инаку може да се занемарат. Родовата анализа е особено корисна за разузнавачките служби во разбирањето на општествените односи, општествените мрежи и динамиката на насилство и криминал.[14]

12 ibid, стр. 50.

13 Совет на Европа, 2002 г., Криминалистичка анализа.

14 ДКАФ, 2020 г., Разузнавањето и родот.

# 4.2 Од податоци до разузнавачки сознанија: улогата на родовата анализа

Родовата анализа е од суштинско значење за трансформирање на сурови податоци во значајни разузнавачки сознанија, вклучувајќи податоци за огнено оружје и криминал со огнено оружје. Таа овозможува посеопфатно разбирање на конкретни прашања преку разгледување на податоците од родова перспектива и идентификување на трендови, обрасци, ризици, динамика и влијанија.

Како што е прикажано подолу, родово сензитивното собирање податоци треба да биде составен дел од активностите за собирање податоци на КТО, при што полот и возраста (и евентуално други категории, како што беше дискутирано претходно) ќе се вклучат систематски како променливи при собирањето податоци за лица. Овој пристап го подобрува квалитетот на собраните податоци.

Кога собраните податоци се организирани и расчленети по пол и возраст, тие се трансформираат во информации што нудат значење и контекст, откривајќи ги различните влијанија или искуства на жените и мажите со огнено оружје.

Понатамошна примена на родовата анализа помага да се препознаат родовите обрасци и причините во нивната основа, а воедно дава и препораки за донесување одлуки. Овој процес ги трансформира податоците и информациите во употребливи разузнавачки сознанија што се и значајни и родово одговорни. Со откривање обрасци во криминалот, препознавање трендови, дефинирање проблеми и нудење препораки засновани на докази, родовата анализа игра клучна улога во делотворната борба против криминалот со огнено оружје.

| **Податоци** | **Информации** | **Разузнавачки сознанија** |
|---|---|---|
| Сирови, необработени факти и бројки без контекст. Составни елементи на информациите и разузнавачките сознанија. | Податоци што биле обработени, организирани или структурирани на начин што им дава контекст и значење. | Информации што биле дополнително анализирани и толкувани, за да дадат сознанија, предвидувања или препораки за процесот на одлучување. |
| **Родово сензативно собирање податоци** | **Родова анализа** | **Родово одговорни разузнавачки сознанија** |

Родовата анализа ја поддржува и тактичката анализа, која се фокусира на неодамнешните кривични инциденти, за да се препознаат обрасци и да се добијат насоки за истрагата, и долгорочната стратешка анализа, која вклучува пошироки социодемографски фактори за да се откријат долгорочни трендови во **криминалот**.

Конечно, колку е подетална анализата, толку е подобра разузнавачката слика. **Интерсекционалната родова анализа**[15] испитува како различните аспекти на идентитетот на една личност, покрај полот и возраста, се комбинираат и ги обликуваат нејзините искуства и предизвици. Тоа покажува како фактори што се преклопуваат можат да создадат специфични ризици или неповолности. Овој пристап помага да се обезбеди политиките и програмите да ги задоволат потребите на различни групи, особено на лицата што се соочуваат со повеќе неповолности.

## 4.3 Упатство со конкретни чекори за интегрирање на родовата анализа во работата на КТО

Предложената методологија наведена подолу се темели на опширно тестираните пристапи и алатки на SEESAC, вклучувајќи ги Практичен инструмент за интеграција на родовата перспектива во регулативата и политиките за контрола на мало и лесно оружје, како и богатото искуство на SEESAC во спроведувањето родови анализи во контекст на контрола на МЛО. Исто така, се потпира на широк спектар на ресурси, вклучувајќи контролни листи, упатства за собирање податоци и методологии за родова анализа, како што е методот 4Р.[16] Понатаму, вклучува клучни сознанија од *Обуката за вештини за критичко размислување и аналитички капацитети* и *Обуката за анализа за контакт точки за огнено оружје*, одржани од SEESAC во 2022 и 2024 г. Надградувајќи на овие темели, алатките се внимателно приспособени за специфичните улоги и одговорности на КТО, што гарантира нивна практична релевантност и ефективност.

Предложената методологија е организирана во шест меѓусебно поврзани чекори и се надоградува на вештините што КТО ги користат во својата работа, како што се размена на идеи, критичко размислување и развивање и тестирање хипотези.

15 Меѓуагенциска мрежа на Обединетите нации за жени и родова рамноправност, 2025 г., Комплет алатки за интерсекционална родова анализа.

16 Официјални извештаи на Шведската влада, 2007 година, Прирачник за интегрирање на родовата перспектива - книга со практични методи од Шведскиот комитет за поддршка на интегрирањето на родовата перспектива (JämStöd).

| | |
|---|---|
| **Чекор 1.** | **Собирање податоци** - Стекнување сознанија за положбата на жњните и мажите |
| **Чекор 2.** | **Родово одговорно разузнавање** - Анализа на постојните податоци заради идентификување родови обрасци |
| **Чекор 3.** | **Анализа на оцновните причини** - Разгледување на факторите зад идентификуваните обрасци |
| **Чекор 4.** | **Одговор на идентификуваните обрасци** - Предлагање мерки за адресирање на идентификуваните родови обрасци |
| **Чекор 5.** | **Консолидирање родово одговорна разузнавачка слика** |
| **Чекор 6.** | **Следење на трендовите и евалуација на одговорот** |

За да се спроведе родова анализа, КТО треба да започне со истражување на предметното прашање и утврдување дали други институции се соочиле и се справиле со сличен предизвик или дали истражувачи го проучиле. Испитувањето како го анализирале проблемот, дејствијата што ги презеле и, најважно од сè, кои од нивните одговори биле делотворни, а кои не, може да обезбеди вредни сознанија. Учењето од работата на другите ѝ овозможува на КТО да развие корисни хипотези за тестирање при решавање на сопствениот проблем.[17]

## Чекор 1: Собирање податоци – стекнување увид во положбата на жените и мажите

**Цел:** Систематско собирање и евидентирање на податоци расчленети по пол и родово специфични статистички податоци поврзани со огнено оружје, криминалот со огнено оружје и конкретното прашање што се решава. Овој чекор обезбедува видливост на родовите прашања, претставува основа за анализа заснована на докази и поддржува развој на делотворни, родово одговорни стратегии и интервенции.

Родовата статистика и податоците расчленети по пол се предуслови за разбирање на родовите аспекти на огненото оружје и криминалот со огнено оружје и претставуваат основа за одговори засновани на докази, и тактички и стратешки. Доколку такви податоци не се достапни, родовите прашања ќе останат невидливи, а разбирањето на проблемот може да биде несоодветно, со што ќе се ограничи ефикасноста на оперативните одговори.

17 Кларк, Роналд В. и Џон Е. Ек, 2016 г., Криминалистичка анализа за решавачи на проблеми во 60 мали чекори, Вашингтон: Канцеларија за полициско работење ориентирано кон заедницата.

Без информации за специфичните ризици со кои се соочуваат жените и мажите во врска со огненото оружје и разликите во нивните безбедносни потреби што мора да се задоволат, овие прашања може да бидат превидени.

Со оглед на тоа што КТО служи како складиште за разузнавачки сознанија поврзани со огнено оружје и собира и интегрира сеопфатни, ажурирани и родово одговорни разузнавачки информации, првиот чекор е да се обезбеди:

а) **При примање или евидентирање информации за поединечен инцидент, несреќа или настан** што вклучува оружје, основен дел од оружје, муниција или дел од муниција што е испукана, употребена или пронајдена, КТО треба да обезбеди во збирката податоци да се евидентираат најмалку следниве податоци:

- пол и возраст на сторителот(ите),
- пол и возраст на жртвата(ите),
- однос на жртвата со сторителот/ите (на пример, интимен партнер, член на семејството, познаник, сосед, друг сторител познат на жртвата, сторител што не ѝ е познат на жртвата или непознат однос меѓу жртвата и сторителот),
- исход за жртвата/жртвите (на пример, убиена, повредена, загрозена или ниту една од опциите),
- исход за сторителот/ите (на пример, уапсен, на слобода, повреден или убиен),
- информации за видот на инцидентот, при што семејното насилство мора да биде вклучено во класификацијата на инцидентите, и
- полот и возраста на сите други вклучени лица треба да се евидентираат и внесат во базата на податоци.

б) **Да се обезбеди истиот сет на податоци да се евидентира кога се бараат информации од други бази на податоци на органи за спроведување на законот** (како што се извештаи за инциденти, извештаи од криминалистичко разузнавање, извештаи за кривични дела, форензички извештаи итн.)

Во сите такви ситуации, КТО треба да обезбеди собирањето и сортирање на основните податоци поврзани со деликтот и виктимизацијата, кои се наведени под точка (а).

в) Дополнително, како што е нагласено, во **собраните податоци треба да се документираат главните родови прашања споменати претходно**, особено во однос на:

- кривичното дело,
- виктимизација и родово специфични ризици за жените и мажите во врска со огнено оружје,
- употреба на огнено оружје во контекст на родово засновано насилство, и
- сопственост и побарувачка за огнено оружје.

г) **Во однос на податоците од бази за дозволи и регистрација на огнено оружје, КТО треба да обезбеди достапност на следните податоци:**

- подaтоци расчленети по пол и возраст за имателите на дозволи за огнено оружје,
- податоци расчленети по пол и возраст за нови баратели на дозволи за огнено оружје,
- податоци расчленети по пол за имателите на дозволи за огнено оружје и лицата на кои им е одземена дозволата,
- податоци расчленети по пол и возраст за сопственици чие огнено оружје било изгубено или украдено,
- податоци расчленети по пол и возраст за барателите на дозволи за огнено оружје чии барања се одбиени, вклучувајќи ги и основите за одбивање (на пример, семејно насилство), и
- податоци расчленети по пол и возраст за лица чие огнено оружје било запленето или конфискувано.

д) **Идентификување други релевантни извори на податоци во секој контекст што би можеле да ја поддржат КТО и да помогнат во генерирањето родово одговорна разузнавачка слика.**

Такви извори би можеле да бидат:

- **Платформата за следење на вооружено насилство (ПСВН),** управувана од SEESAC, систематски ги следи инцидентите со огнено оружје во Југоисточна Европа. Од 2014 година, собира детални податоци од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Податоците на ПСВН се собираат секојдневно од комбинација на официјални извори, вклучувајќи ги веб-страниците на институциите за спроведување на законот и министерствата за внатрешни работи, како и од онлајн и печатени медиуми. Податоците за инциденти со огнено оружје се категоризираат според стандардизирани дефиниции, за да се обезбеди конзистентност и споредливост на различни јурисдикции и извештајни периоди. Секој инцидент се разгледува и анализира со помош на методологија изработена од SEESAC. ПСВН обезбедува податоци за видот на инцидентот, употребеното огнено оружје, полот на жртвата и сторителот, односот меѓу нив, локацијата на инцидентот и други променливи. Анализата ги вклучува клучните наоди од *Во фокусот - монитор за вооружено насилство и инциденти со огнено оружје во контекст на семејно насилство во ЈИЕ* на SEESAC, кој опфаќа случаи од 2019 г. ПСВН рутински генерира податоци расчленети по пол и возраст и обезбедува информации за поединечни инциденти и статистички агрегирани податоци.
- **Бази на податоци на заводите за статистика во јурисдикциите.** Овие бази на податоци нудат вредни извори на агрегирани податоци за многу прашања што се од централно значење за КТО, како што се:
  - Статистика за судството, која дава податоци за возрасни и малолетни сторители на кривични дела, вклучително и дела поврзани со огнено оружје. Овие статистики нудат основни информации за кривичните дела извршени од малолетни и возрасни сторители: пријавени, обвинети и осудени лица според вид на кривично дело, пол, возраст и кривични санкции. Податоците се собираат преку редовни статистички истражувања

врз основа на индивидуални прашалници што ги пополнуваат надлежните јавни обвинителства и судови.

- Извештаи за насилни смртни случаи, кои даваат податоци за насилни смртни случаи (самоубиства, убиства и несреќи) според Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, а даваат и податоци за насилни смртни случаи поврзани со огнено оружје.

- **Бази на податоци на други меѓународни организации,** како што се базите на УНОДЦ,
- **Податоци собрани од организации на граѓанското општество.**

**ѓ) Утврдување каде недостасуваат податоци или каде се потребни дополнителни податоци.**

КТО треба да ги проверат своите збирки на податоци, за да утврдат каде недостасуваат родово сензитивни податоци или каде се потребни дополнителни податоци. Треба да спроведат стандардизирани постапки за да се гарантираат дека собирањето податоци во иднина ќе вклучува основни информации, како што се пол, возраст, однос меѓу жртвите и сторителите и слични детали. Доколку постојат критични празнини во податоците, КТО можат да соработуваат со други субјекти што собираат релевантни податоци, заради ефикасно и делотворно задоволување на овие потреби.

### Рамка 2: **Истражувања за мало и лесно оружје за 2012–2016 г. и кратки факти за родот и МЛО**

Во 2017 година, SEESAC формираше Регионална работна група составена од претставници од седум комисии за МЛО во регионот. Групата имаше задача да изработи и да усогласи стандардизирана методологија за регионално истражување за МЛО. Се собраа и анализираа податоци за дистрибуцијата и влијанието на МЛО со помош на стандардизирани прашалници за дистрибуцијата и влијанието на МЛО. Процесот на собирање податоци беше координиран од комисиите за МЛО, со техничка поддршка од SEESAC. Прашалниците содржеа стандардизирани прашања, за да се соберат точни и ажурирани информации, со што се подобри кохерентноста, стандардизираноста и споредливоста на податоците во регионот.

Клучно е што сите собрани податоци за лица беа расчленети по пол и возраст, што овозможи сеопфатна родово одговорна анализа на дистрибуцијата и влијанието на МЛО. Овој пристап обезбеди критички увид во диференцираните влијанија врз различните демографски групи, што значително придонесе за креирање политики засновани на докази, особено во изработката на стратегии и акциски планови за контрола на МЛО.

Анкетите сеопфатно опфатија податоци расчленети по пол и возраст за поседувањето огнено оружје, мотивациите за стекнување огнено оружје, персоналот во безбедносниот сектор овластен да носи огнено оружје и жртвите и сторителите на кривични дела поврзани со МЛО. Исто така, се осврнаа на конкретни родови аспекти, како што се врските помеѓу огненото оружје и насилството од интимен партнер или семејното насилство. Притоа, анкетите ги истакнаа различните родови влијанија на МЛО врз мажите и жените, како и поширокага родова динамика околу злоупотребата и побарувачката за огнено оружје. Оваа робусна методологија покажува како интегрирањето родово сензитивни пристапи во собирањето податоци може да поттикне развој на холистички и делотворни политички решенија. Наодите од истражувањата беа широко користени во изработката на стратегии за контрола на МЛО во регионот.

Врз основа на овие податоци, SEESAC ја изработи серијата *Брзи факти за родот и малото оружје*, во која се документираат различните врски помеѓу родот и МЛО во Југоисточна Европа. Во серијата документи се наведени специфичните ризици

по жените и мажите во врска со огненото оружје и се дава преглед на податоци расчленети по пол за сопственоста, пристапот, побарувачката и последиците од огненото оружје, вклучително и нивната злоупотреба во контекст на семејно насилство. Со подобрување на пристапот до овие податоци, *Брзи факти* има за цел да го зголеми знаењето и свесноста кај професионалците и пошироката јавност за силните родови аспекти на малото оружје. Исто така, серијата служи како практична алатка заснована на докази за креаторите на политики, со што го поддржува интегрирањето на родовата перспектива во законодавството и политиките за контрола на малото оружје.

Сите информативни материјали, вклучувајќи ги и деталните прашалници за анкетите за МЛО, се достапни во базата на знаење за МЛО на SEESAC.










## Чекор 2: Родово одговорно разузнавање – препознавање родови обрасци

**Цел:** Да се препознаат родови обрасци во одредена тема поврзана со огнено оружје со помош на родова статистика и податоци расчленети по пол.

Во контекст на ова упатство, родови обрасци се повторувачки и систематски трендови или однесувања поврзани со искуствата на жените и мажите со огнено оружје, вклучувајќи ја неговата употреба и злоупотреба, влијанието и изложеноста на вооружено насилство, ризиците и виктимизацијата, како и поседувањето и побарувачката за огнено оружје. Овие обрасци покажуваат дека специфичните состојби и искуства на жените и мажите не се случајни или изолирани, туку се обликувани од пошироки, вкоренети општествени, културни, економски, институционални и безбедносни фактори, вклучувајќи ја контролата и достапноста на огнено оружје.

Со анализа на родова статистика и податоци расчленети по пол може да се откријат

разлики во состојбата на жените и мажите што произлегуваат од родови улоги и очекувања. Во овој чекор, КТО треба да ги користи достапните родови статистики за да ги идентификува преовладувачките родови обрасци и да даде одговор на прашањето: какви родови обрасци можат да се забележат во овие податоци?

Ако се собираат или се достапни родови статистики, тие овозможуваат идентификување на преовладувачките родови обрасци, со што олеснуваат претворање на суровите податоци во информации, а потоа и во разузнавачки сознанија. Во оваа фаза, КТО треба да се потпре на бура на идеи и критичко размислување за да ги препознае трендовите.

Прашања за ориентација во анализата, кои ќе овозможат препознавање на обрасци, би можеле да бидат следниве:

## Виктимизација и ризици

1. Каква е моменталната состојба за жените и мажите во однос на конкретните прашања за огненото оружје и криминалот со огнено оружје што се анализираат?

2. Кои се забележаните трендови во виктимизацијата кај мажите и жените? Како прашањата поврзани со огнено оружје влијаат врз жените во споредба со мажите:

    - Колку има жени, а колку мажи меѓу жртвите?

    - Како се разликува контекстот на насилството со огнено оружје за жените и мажите? Кои инциденти (на пример, семејно насилство, јавни спорови, криминални активности) претставуваат најголем ризик за жените? За мажите?

    - Во кои од овие инциденти огненото оружје најчесто се злоупотребува против жени, односно против мажи?

3. Како се разликуваат ризиците и видовите на виктимизација поврзани со злоупотреба на огнено оружје кај жените и мажите? Кој претставува најголема закана за жените, а кој за мажите?

4. Дали постојат одредени групи жени или мажи (на пример, млади мажи, жени во рурални средини) што се поранливи на ризици поврзани со огнено оружје?

5. На кои начини огненото оружје игра улога во семејното насилство или насилството од интимен партнер во споредба со другите видови насилство?

6. Како влијае родово заснованото насилство со огнено оружје врз жените, особено во контекст на насилство од интимен партнер и семејно насилство?

7. Кои се најчестите видови огнено оружје што се користат во насилни инциденти против жени и мажи? Дали постојат разлики во нивниот правен статус (легално или нелегално)?

## Сторители

1. Колку има жени, а колку мажи меѓу сторителите?

2. Како се разликуваат обрасците во извршувањето кривични дела со огнено оружје кај мажите и жените во однос на видовите на извршени кривични дела, околностите околу кривичните дела и други релевантни фактори?

3. Дали постојат трендови поврзани со возраста или други фактори на ризик (на пример, дали младите мажи почесто извршуваат кривични дела со огнено оружје?) што треба да се земат предвид?

# Студија на случај: **Огненото оружје и семејното насилство во Западен Балкан**

Како што беше споменато претходно, Платформата за следење на вооруженото насилство на SEESAC обезбедува сеопфатни податоци за инциденти со огнено оружје во Западен Балкан. За секој евидентиран инцидент, податоците за жртвите и сторителите се расчленуваат по пол и возраст и систематски се документираат во платформата, што овозможува темелна родова анализа. Исто така, ПСВН дава податоци за видот на инцидентот, исходите и за жртвите и за сторителите, однос меѓу нив и видот на употребеното оружје. Со помош на податоци од ПСВН, SEESAC спроведе длабинска анализа на злоупотребата на огнено оружје во контекст на семејно насилство од 2019 до 2023 година, покажувајќи како може да се користи родова анализа за генерирање сеопфатна разузнавачка слика.

Примерот е претставен преку анализа во чекори:

## Чекор 1: Собирање податоци – стекнување увид во положбата на жените и мажите

1. *Вкупно се случиле 452 инциденти со огнено оружје при семејно насилство, 2.461 во криминален контекст, 1.375 во јавни спорови, 888 во несреќи, лов или славеничко пукање, 153 во спорови со полицијата, 2.611 биле неодредени пукања и имало 6.474 заплени на оружје.*

2. *Во истиот период, 152 лица биле убиени во семејно насилство, 144 во криминален контекст, 135 во јавни спорови, 64 во несреќи, славеничко пукање или лов, 29 во масовни пукања, 15 во спорови со полицијата и 142 во неодредени пукања класифицирани како друго.*

3. *Ако податоците дополнително се расчленат според полот на жртвите и видот на инцидент, се добива следниот бројот на жртви:*
    - *Семејно насилство: 93 жени и 59 мажи.*
    - *Криминален контекст: 12 жени и 131 маж.*
    - *Јавни спорови: 1 жена и 134 мажи.*

- *Несреќи: 7 жени и 57 мажи.*
- *Масовни пукања: 10 жени и 19 мажи.*
- *Спорови со полицијата: 15 мажи и 0 жени.*

**4.** *Вкупно 267 сторители на инциденти со огнено оружје во семејно насилство биле мажи, а 7 биле жени.*

**5.** *Доколку се достапни податоци за односот на жртвата со сторителите, тоа дополнително ќе ја олесни анализата и ќе ни овозможи подобро да ги разбереме специфичните ризици и динамиката на криминалот со огнено оружје во овој контекст.*

**6.** *Вкупно, 71 жена и 2 мажи биле убиени со огнено оружје од интимните партнери, додека 20 жени и 49 мажи биле убиени од други машки членови на семејството.*

**7.** *Во 203 инциденти биле употребени пиштоли; во 71 инциденти биле користени пушки (од кои 55 биле користени за лов); во 47 инциденти биле документирани повеќе МЛО; а во 41 инцидент било документирано автоматско или воено оружје. Експлозиви биле пријавени во 12 инциденти, а гасни пиштоли и воздушни пушки во по 11 случаи.*

**8.** *Во 174 инциденти е употребено нелегално поседувано оружје, додека во 26 инциденти оружјето било легално поседувано. Во 252 инциденти не биле достапни податоци за видот на сопственоста.*

## Чекор 2: Идентификување родови обрасци

**Таму каде што се достапни статистички податоци и информации за оружјето расчленети по пол, тие овозможуваат препознавање јасни родови обрасци. Во оваа фаза, се препорачува јасно и концизно да се дефинираат тие родови обрасци врз основа на достапните податоци.**

*Образец 1: Злоупотребата на огнено оружје во семејно насилство се пријавува поретко отколку во други видови инциденти.*

*Образец 2: Семејното насилство е причина за најголем број смртни случаи поврзани со огнено оружје.*

*Образец 3: Жените го сочинуваат мнозинството жртви во смртни случаи поврзани со огнено оружје.*

*Образец 4: Мажите се најмногу изложени на ризик во криминален контекст и во јавни спорови, додека жените се несразмерно често засегнати при семејно насилство.*

*Образец 5: Во контекст на семејно насилство, жените се најмногу изложени на ризик од интимни партнери, додека мажите почесто се изложени на ризик од други мажи во семејството.*

*Образец 6:* *Пиштолите најчесто се користеле во инциденти на семејно насилство, по што следува ловечкото оружје.*

*Образец 7:* *Нелегално оружје се користело почесто во семејното насилство отколку легално оружје. Меѓутоа, најчесто недостасуваат податоци за сопственоста.*

## Чекор 3: Анализа на основните причини – испитување на факторите зад идентификуваните обрасци

**Цел:** Спроведување длабинска анализа на основните фактори што придонесуваат за забележаните родови обрасци во криминалот и насилството поврзано со огнено оружје. Овој чекор се надоградува на наодите од **чекор 2** (идентификување на родови обрасци) со поставување на прашањето **„Зошто е тоа така?"** за да се откријат основните причини за овие разлики и да се обезбедат практични сознанија. Целта е да се разбере родовата, општествената и динамиката поврзана со огненото оружје на која се засноваат овие обрасци и да се развие сеопфатна разузнавачка слика.

**Прашања за ориентација:**

1. *До кој степен родовите норми и улоги влијаат врз видот и зачестеноста на злоупотребата на огнено оружје во одреден контекст, на пример во семејното насилство?*
2. *Каква улога игра огненото оружје во динамиката на моќ (во семејното и во насилството од интимен партнер) и дали тоа влијае несразмерно многу врз жените или врз мажите?*
3. *Каква е улогата на огненото оружје во конкретен проблем што се анализира, како што е семејното насилство? Како огненото оружје го зголемува ризикот при семејно насилство?*
4. *Како родовите нееднаквости ја обликуваат изложеноста на жените и мажите на насилство со огнено оружје?*

# Студија на случај: **Огненото оружје и семејното насилство во Западен Балкан**

Во анализата на SEESAC спомената погоре се користени и квантитативни и квалитативни методи (на пример, дискусии во фокус-групи и детални интервјуа), за да се идентификуваат **неколку фактори што ги објаснуваат обрасците утврдени во чекор 2:**

1. Присуството на огнено оружје дополнително ги намалува веќе ниските стапки на пријавување на семејно насилство.
2. Жените често се воздржуваат од пријавување на семејното насилство, особено кога е вклучено огнено оружје, поради страв од ескалација и одмазда од насилникот.
3. Насилството често останува непријавено во почетните фази, што може да доведе до уште потешки последици за жртвите подоцна.
4. Огненото оружје служи како алатка за принуда и контрола во насилни врски, зајакнувајќи ја нерамнотежата на моќ и родовата хиерархија.
5. Жените почесто пријавуваат насилство само кога веруваат дека нивниот или живот на нивните деца е во непосредна опасност.
6. Веројатноста од смртен исход се зголемува поради:
    - тежината на повредите нанесени од огнено оружје,
    - ограничената способност на жените да се спротивстават или да избегаат,
    - помалата веројатност за интервенција од други и
    - поголемиот ризик сторителот да го искористи огненото оружје.
7. Во инциденти со нелегално огнено оружје, жртвите често кријат важни информации од страв од одмазда или евентуални правни последици за сторителот.
8. Културни норми што го поврзуваат огненото оружје со мажественоста и машкиот идентитет можат да одвратат од пријавување семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје.
9. Насилниците често користат огнено оружје и експлозиви за да воспостават или да повратат контрола врз жртвите, особено кога чувствуваат дека нивната моќ е доведена во прашање.
10. Моменталните постапки за проценка на ризикот од семејно насилство често не ги земаат предвид соодветно специфичните ризици од огнено оружје.
11. Во постапките за издавање дозвола за огнено оружје не се зема доволно предвид потенцијалната злоупотреба на огненото оружје при семејно насилство.

# Чекор 4: Одговор на идентификуваните родови обрасци

**Цел:** Предложување и спроведување практични мерки што делотворно ги адресираат идентификуваните родови обрасци и причините во нивната основа. Надоврзувајќи се на родовата анализа спроведена во претходните чекори, оваа фаза се фокусира на користење на сознанијата за развивање конкретни тактички и стратешки активности за решавање на проблемот. Препораките што произлегуваат од родовата анализа можат да бидат реактивни или превентивни.

На пример, врз основа на сознанијата од претходните чекори, **можни препораки за органите за спроведување на законот се следните:**

- *Да се обезбеди во секој пријавен случај на семејно насилство без исклучок да се проверува дали е присутно огнено оружје - без оглед на тоа дали било употребено - и службеникот да ги документира сите информации за присуство или употреба на огнено оружје во записникот.*

- *Да се обезбеди донесување постапки за проценка на ризик и нивно правилно и брзо спроведување во секој пријавен случај на семејно насилство, како што се бара со Истанбулската конвенција и важечкото законодавство во сите јурисдикции.*

- *Да се обезбеди во проценката на ризиците да се земат предвид сите конкретни ситуации поврзани со огнено оружје, на пример: дали сторителот или друг член на домаќинството (вклучувајќи ја и жртвата) законски поседува оружје; дали може сторителот или друг член на домаќинството нелегално да поседува оружје; дали сторителот има пристап до огнено оружје како дел од професионалните задачи и е обучен за негова употреба; или дали сторителот може лесно да пристапи до огнено оружје.*

- *Да се обезбеди одземање на секое легално поседувано оружје во посед на сторителот без исклучок во секој пријавен инцидент, како што е пропишано во законите за оружје и семејно насилство, со покренување на соодветни постапки, додека секое нелегално поседувано оружје веднаш се конфискува.*

- *Да се обезбеди веднаш да се одземе секое оружје до кое сторителот може лесно да пристапи, на пример оружје што го поседуваат други членови на семејството или лица што го делат истиот дом, или кое било друго лесно достапно оружје.*

- *Да се обезбеди службениците на терен да имаат сигурен, моментален и постојан пристап до ажурирани бази на податоци за регистрација на огнено оружје, за да се овозможат ефективни и навремени интервенции, при што треба да се отстранат моменталните ограничувања на пристапот и сигурноста.*

- *Да се обезбеди сеопфатен и ажуриран регистар на оружје, со точни евиденции за сите сопственици на огнено оружје и нивното регистрирано огнено оружје. Треба да се спроведуваат редовни ревизии за да се одржи веродостојноста на регистарот и да се обезбеди усогласеност со прописите за огнено оружје.*

- *Да се обезбеди при разгледување на барањата за издавање дозвола за огнено оружје, покрај кривичните и прекршочните евиденции, соодветно да се земат предвид и оперативните евиденции на полицијата, како и евентуални информации за изречени привремени заштитни мерки и забрани за приближување.*

- *Да се воведе практика за известување на членовите на потесното семејство, вклучително и партнерите, за секое барање за издавање дозвола за огнено оружје поднесено од член на семејството или партнер. При ова известување мора да се земат предвид безбедносните ризици за членовите на семејството.*

- *Да се подобрат постапките за проверка при издавање или обновување на дозвола за огнено оружје со интегрирање на задолжителни интервјуа со членови на семејството, вклучувајќи и сегашни или неодамнешни интимни партнери, како и пријатели, соседи или колеги.*

- *Со оглед на распространетоста на злоупотребата на нелегално огнено оружје при семејно насилство, да се обезбеди соодветно проследување и техничко испитување на оружјето што се употребило во таков инцидент, за да се искористат тие информации како основа за креирање политики и оперативен одговор. Систематското следење на секое запленето огнено оружје ја подобрува целокупната разузнавачка слика за нелегално огнено оружје на локално и меѓународно ниво.*

## Чекор 5: Консолидирање на родово одговорна разузнавачка слика

**Цел:** Комбинирање на сите наоди од претходните чекори во единствена и употреблива разузнавачка слика.

Ова ќе им помогне на одговорните за донесување одлуки да донесат делотворни одлуки засновани на информации, кои ја земаат предвид идентификуваната родова динамика и причините во основата на проблемите поврзани со огнено оружје. Информациите собрани и анализирани во претходните фази, имено расчленетите податоци, идентификуваните родови обрасци и сознанијата за причините во основата на злоупотребата на огнено оружје, претставуваат основа за овој чекор. Консолидирањето на овие податоци обезбедува јасно разбирање на родовата динамика во инцидентите поврзани со огнено оружје, кое се заснова на докази. Оваа рафинирана разузнавачка рамка овозможува насочени одговори и стратешки дејствија за делотворно решавање на идентификуваните родово специфични прашања.

За да се постигне ова, КТО треба:

- да ги агрегира и обработи сите податоци собрани во чекор 1.
- да ги истакне клучните родови обрасци идентификувани во чекор 2 и сознанијата од чекор 3 што откриваат причини што се во основата на овие обрасци, особено во однос на родовите обрасци во виктимизацијата, извршувањето деликти, злоупотребата на огнено оружје и ризиците.
- да ги вклучи мерките предложени во чекор 4 за надминување на идентификуваните обрасци.

**Ако ги консолидираме наодите и идентификуваме родови обрасци, тоа ќе ни даде робусна разузнавачка слика.** Подолу е даден пример за тоа како би изгледале тие разузнавачки сознанија:

*Од 2019 до 2023 година, повеќе луѓе биле убиени во инциденти со огнено оружје поврзани со семејно насилство (152—93 жени и 59 мажи) отколку во која било друга категорија инциденти опфатени во Платформата за следење на вооруженото насилство (ПСВН), надминувајќи го бројот на смртни случаи во кривичен контекст (144) и во јавни спорови (135). Иако значителен број жени и мажи биле убиени во семеен контекст (93 жени и 59 мажи), несразмерно големото влијание на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз жените е особено очигледно кога смртните случаи од огнено оружје ќе се расчленат според видот на инцидентот. Во регионот, 68,4% од жените убиени со огнено оружје биле убиени при семејно насилство - бројка што е речиси осум пати поголема од бројот на убиените во криминални активности. Во истиот период, 10,9% од мажите убиени со огнено оружје во регионот биле убиени од членови на семејството.*

*Во контекст на семејното насилство, жените и мажите се соочуваат со родово специфични ризици. Жените се најмногу изложени на ризик од употреба на огнено оружје од сегашниот или неодамнешниот интимен партнер, додека мажите се повеќе изложени на ризик од други машки членови на семејството.*

*Во Западен Балкан, 50,7% од жените убиени со огнено оружје биле убиени од интимниот партнер. Во истиот период тоа се случило кај само 0,4% од мажите убиени со оружје. Кај жените постои три пати поголема веројатност да бидат убиени од сегашниот или од неодамнешен интимен партнер отколку од поранешен партнер.*

*Големиот број на смртни случаи при семејно насилство е во спротивност со релативно нискиот број на пријавени инциденти, што ги истакнува специфичните ризици поврзани со огненото оружје, кое ја зголемува веројатноста од смртен исход.*

*Злоупотребата на огнено оружје во семејно насилство се пријавува значително поретко од другите видови инциденти поврзани со огнено оружје, како што се инцидентите во кривичен контекст, јавни спорови или неодредени пукања. Од 2019 до 2023 година, инцидентите поврзани со огнено оружје при семејно насилство учествуваат со само 3,1% во пријавените инциденти со огнено оружје, при што овој тренд е постојан во целиот анализиран период.*

*Во 203 инциденти биле употребени пиштоли; во 71 инциденти биле користени пушки (од кои 55 биле користени за лов); во 47 инциденти повеќе видови МЛО; а во 41 инцидент автоматско или воено оружје. Експлозиви биле пријавени во 12 инциденти, а гасни пиштоли и воздушни пушки во по 11 случаи.*

*Меѓу евидентираните инциденти, најчесто пријавувано е нелегалното оружје. Сепак, со оглед на нецелосното пријавување на семејното насилство, овие наоди треба да се толкуваат со внимание, бидејќи злоупотребата на легално огнено оружје можеби не се пријавува целосно, особено кога оружјето не било искористено за напад или кога не бил загрозен живот.*

**Утврдените обрасци можат да им се припишат на неколку меѓусебно поврзани фактори:**

1. Присуството на огнено оружје дополнително ги намалува веќе ниските стапки на пријавување на семејно насилство.

2. Жените често се воздржуваат од пријавување на семејното насилство, особено кога е вклучено огнено оружје, поради страв од ескалација и одмазда од насилникот.

3. Насилството често останува непријавено во почетните фази, што може да доведе до уште потешки последици за жртвите подоцна.

4. Огненото оружје служи како алатка за принуда и контрола во насилни врски, зајакнувајќи ја нерамнотежата на моќ и родовата хиерархија.

5. Жените почесто пријавуваат насилство само кога веруваат дека нивниот или живот на нивните деца е во непосредна опасност.

6. Веројатноста од смртен исход се зголемува поради:

    - тежината на повредите нанесени од огнено оружје,
    - ограничената способност на жените да се спротивстават или да избегаат,
    - помалата веројатност за интервенција од други и
    - поголемиот ризик сторителот да го искористи огненото оружје.

7. Во инциденти со нелегално огнено оружје, жртвите често кријат важни информации од страв од одмазда или евентуални правни последици за сторителот.

8. Културни норми што го поврзуваат огненото оружје со мажественоста и машкиот идентитет можат да одвратат од пријавување семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје.

9. Насилниците често користат огнено оружје и експлозиви за да воспостават или да повратат контрола врз жртвите, особено кога чувствуваат дека нивната моќ е доведена во прашање.

10. Моменталните постапки за проценка на ризикот при одговор на семејно насилство често не ги земаат предвид соодветно специфичните ризици од огнено оружје.

11. Во постапките за издавање дозвола за огнено оружје не се зема доволно предвид потенцијалната злоупотреба на огненото оружје при семејно насилство.

12. Во конфликтни услови, огненото оружје може значително да ги зголеми ризиците од родово засновано насилство и ранливоста на жените.

**За да се надминат овие фактори, КТО го препорачува следното:**

- *Да се обезбеди во секој пријавен случај на семејно насилство без исклучок да се проверува дали е присутно огнено оружје - без оглед на тоа дали било употребено – и службеникот да ги документира сите информации за присуство или употреба на огнено оружје во записникот.*

- *Да се обезбеди донесување постапки за проценка на ризик и нивно правилно и брзо спроведување во секој пријавен случај на семејно насилство, како што се бара со Истанбулската конвенција и важечкото законодавство во сите јурисдикции.*

- *Да се обезбеди во проценката на ризиците да се земат предвид сите конкретни ситуации поврзани со огнено оружје, на пример: дали сторителот или друг член на домаќинството (вклучувајќи ја и жртвата) законски поседува оружје; дали може сторителот или друг член на домаќинството нелегално да поседува оружје; дали сторителот има пристап до огнено оружје како дел од професионалните задачи и е обучен за негова употреба; или дали сторителот може лесно да пристапи до огнено оружје.*

- *Да се обезбеди одземање на секое легално поседувано оружје во посед на сторителот без исклучок во секој пријавен инцидент, како што е пропишано во законите за оружје и семејно насилство, со покренување на соодветни постапки, додека секое нелегално поседувано оружје веднаш се конфискува.*

- *Да се обезбеди веднаш да се одземе секое оружје до кое сторителот може лесно да пристапи, на пример оружје што го поседуваат други членови на семејството или лица што го делат истиот дом, или кое било друго лесно достапно оружје.*

- *Да се обезбеди службениците на терен да имаат сигурен, моментален и постојан пристап до ажурирани бази на податоци за регистрација на огнено оружје, за да се овозможат ефективни и навремени интервенции, при што треба да се отстранат моменталните ограничувања на пристапот и сигурноста.*

- *Да се обезбеди сеопфатен и ажуриран регистар на оружје, со точни евиденции за сите сопственици на огнено оружје и нивното регистрирано огнено оружје. Треба да се спроведуваат редовни ревизии за да се одржи веродостојноста на регистарот и да се обезбеди усогласеност со прописите за огнено оружје.*

- *Да се обезбеди при разгледување на барањата за издавање дозвола за огнено оружје, покрај кривичните и прекршочните евиденции, соодветно да се земат предвид и оперативните евиденции на полицијата, како и евентуални информации за изречени привремени заштитни мерки и забрани за приближување.*

- *Да се воведе практика за известување на членовите на потесното семејство, вклучително и партнерите, за секое барање за издавање дозвола за огнено оружје поднесено од член на семејството или партнер. При ова известување мора да се земат предвид безбедносните ризици за членовите на семејството.*

- *Да се подобрат постапките за проверка при издавање или обновување на дозвола за огнено оружје со интегрирање на задолжителни интервјуа со*

*членови на семејството, вклучувајќи и сегашни или неодамнешни интимни партнери, како и пријатели, соседи или колеги.*

- *Со оглед на распространетоста на злоупотребата на нелегално огнено оружје при семејно насилство, да се обезбеди соодветно проследување и техничко испитување на оружјето што се употребило во таков инцидент, за да се искористат тие информации како основа за креирање политики и оперативен одговор. Систематското следење на секое запленето огнено оружје ја подобрува целокупната разузнавачка слика за нелегално огнено оружје на локално и меѓународно ниво.*

## Чекор 6: Следење на трендовите и евалуација на одговорот

**Цел:** Да се обезбеди систематски пристап во следењето и евалуацијата на трендовите во родовите аспекти на криминалот со огнено оружје.

Редовното собирање податоци е од суштинско значење бидејќи долгорочните трендови стануваат видливи само со текот на времето. Ова е особено релевантно за родовите аспекти на криминалот со огнено оружје, кои се особено стабилни и затоа бараат долгорочен и повеќесекторски пристап.

Покрај тоа што обезбедува сеопфатно разбирање на криминалот со огнено оружје, редовното собирање податоци овозможува оценување на делотворноста на преземените мерки за спречување на криминалот со огнено оружје и помага да се препознаат можности за подобрување. Преку континуирана евалуација на резултатите од интервенциите и систематско собирање и анализа на расчленети податоци, овој чекор има за цел да ги подобри мерките за превенција и одговор, а воедно да послужи како основа за креирање политики засновани на докази за справување со постојаните промени во семејното насилство со огнено оружје.

### Клучни сознанија

- Родовата анализа е главната алатка за утврдување како родовата динамика и родовите обрасци се поврзани со криминалот со огнено оружје, како и на специфичните ризици за жените и мажите во овој поглед.
- Родовата анализа е компатибилна и ја подобрува криминалистичката разузнавачка анализа со проучување на обрасците и трендовите на криминалот, заради решавање кривични дела или спречување на нивно повторување.
- Родовата анализа е од суштинско значење за трансформирање на сурови податоци во значајни и употребливи разузнавачки сознанија.
- Оваа методологија им нуди на КТО детални упатства за спроведување родова анализа.

# 5. Употреба на родовата анализа во аналитички продукти на контакт точки за огнено оружје

Родовата анализа може да ги подобри клучните продукти на КТО преку поддршка на истражителите и обезбедување информации за стратешко планирање.

Со истакнување на родовите аспекти на:

- обрасците во извршувањето кривични дела,
- патеките до криминал, вклучувајќи ги можностите и ограничувањата, како и родовите улоги и очекувања,
- ризичните и заштитните фактори во контекст на криминалот со огнено оруж,
- насилството со огнено оружје и улогата на огненото оружје во семејното насилство и
- факторите што ја поттикнуваат побарувачката за огнено оружје, и легално и нелегално,

родовата анализа може да ги зајакне:

- оперативните проценки што поддржуваат кривични истраги и криминалистички разузнавачки операции,
- стратешките разузнавачки проценки, кои го опишуваат обемот и природата на криминалот со огнено оружје, на пример:
    - месечни извештаи (расчленети податоци за жртви, сторители, мотивации за криминал и родово засновано насилство),
    - профили на лица,
    - профили на проблеми и
    - анализа на трендови и,
- проценки на закани.

Покрај тоа, КТО ќе дадат информациска основа за стратегијата за контрола на МЛО со своите разузнавачки продукти, кои вклучуваат соодветна родова анализа.

# Студија на случај: **Изложеност на млади мажи на насилство со огнено оружје – користење родова анализа за профилирање на проблеми и лица**

Младите мажи се демографската група што најчесто се вклучува во ризично однесување и криминални активности, кои често вклучуваат и огнено оружје. Тие почесто злоупотребуваат огнено оружје од мажите во другите возрасни групи, па речиси половина од инцидентите со огнено оружје во Западен Балкан се извршени од млади мажи.

Мажите на возраст од 16 до 24 години имаат значително поголема веројатност од оние во другите возрасни групи да пријават неодамнешно искуство со огнено оружје. Исто така, тие се посклони да кажат дека би поседувале огнено оружје отколку мажите од другите возрасни групи. Покрај тоа, 60,5% од мажите на возраст од 16 до 24 години веруваат дека би се чувствувале побезбедно со огнено оружје дома.

Тенденцијата кај мажите од средината до крајот на тинејџерските и во дваесеттите години, особено кај неженетите и невработените, да се вклучуваат во насилство за решавање на навидум тривијални проблеми, за да „го спасат образот“, да му наштетат на ривалот или на друг начин да го подобрат својот општествен статус, обично се нарекува **синдром на млад маж**.[18] Ова однесување често резултира со поголема веројатност за злоупотреба на огнено оружје кај лицата во оваа демографска група.

Сè поголем број истражувања ја документираат врската помеѓу специфични норми за мажественост и насилното однесување.[19] Во последните години, студии за изложеноста на мажите на вооружено насилство ги истакнуваат врските помеѓу преовладувачкото разбирање на мажественоста и побарувачката за огнено оружје и неговата злоупотреба. **Доминантно разбирање на мажественоста** е збир на атрибути, однесувања и улоги што најчесто се поврзуваат со момчињата и мажите во даден општествен, културен и историски контекст. Овие верувања, пренесени од родителите, семејствата, медиумите, врсниците и други членови на општеството, вршат притисок врз мажите да постапуваат според одредени очекувања.[20] Овие притисоци пренесуваат порака дека мажите треба да бидат самодоволни, да се однесуваат цврсто, да се придржуваат до ригидни родови улоги, да бидат подготвени да користат насилство за решавање конфликти и да избегнуваат да бидат женствени. Однесувањата и улогите поврзани со мажественоста обично нагласуваат сила, особено физичка сила, храброст, подготвеност за преземање ризици, вклучително и ризично однесување, независност, асертивност, достигнувања, цврстина, стоицизам, успех, обезбедување финансии за семејството и избегнување каков било привид на слабост. Истражувањата покажуваат дека придржувањето до овие пораки и притисоци може да биде поврзано со извршување и доживување разни форми на насилство, како и друго деструктивно однесување. Исто така, вклучува користење на доминација, насилство, сексуално насилство и контрола за наметнување моќ

18 В.: Американско психолошко здружение, Речник на психологијата.
19 Брајан Хајлман со Гари Баркер, 2018 г., Нормите за мажественост и насилството, воспоставување врски, Промундо.
20 Ibid.

и супериорност.[21] **Покрај тоа, моќта и контролата се централни концепти во дефинирањето на доминантното разбирање на мажественоста.** [22]

Во овој контекст, огненото оружје може да биде особено привлечно за младите мажи, бидејќи често го поврзуваат оружјето со мажественоста, особено со моќта и контролата.[23] Младите мажи често го гледаат огненото оружје како средство за постигнување на општествениот и економскиот статус што веруваат дека го заслужуваат. Се чини дека оние што се лишени од вообичаените можности за општествен и економски напредок се особено подложни на симболичната привлечност на оружјето. Симболичната привлечност на огненото оружје може да биде многу силна, особено кај младите мажи. Освен што демонстрира моќ и контрола, огненото оружје може да се поврзе и со исполнување на очекувањата за родовите улоги и угледот во заедницата или да се користи за одговор на перцепираните предизвици за нивниот статус и „машкост“. Младите престапници честопати го сметаат оружјето како алатка за одржување на својот статус на „луѓе од кои треба да се плашиме, а не да ги предизвикуваме“. Анегдотски докази сугерираат дека огненото оружје е дел и од обреди за премин од момче во маж.

Претходни истражувања[24] во Југоисточна Европа покажуваат дека неколку фактори, во различен степен, влијаат на побарувачката за огнено оружје кај мажите: нивната перцепција за безбедноста во заедницата; перцепираната функција на огненото оружје, т.е. дали служи за лична заштита, лов или спорт; општествените очекувања од мажите (како што се традицијата, верувањата дека „мажот треба да носи оружје“, „тоа поттикнува страв кај другите“, чувства на „општествена и економска немоќ“ и потребата од „враќање на моќта преку употреба на оружје“, нагонот за усогласување со преовладувачките поими за мажественост или сметање на огненото оружје како алатка за стекнување моќ); искуството со огнено оружје; и, меѓу социодемографските карактеристики, особено возраста на испитаниците.[25]

Покрај родовата условеност на насилството, вклучително и вооруженото насилство, подеднакво е важно да не се потценува улогата на поширокиот општествен контекст и сложениот збир на други фактори што одредуваат дали младите мажи прибегнуваат кон насилство.[26] Истражувачите истакнуваат фактори како што се присилна или насилна родителска контрола, ограничен родителски надзор, дружење со врсници деликвенти, претходно малтретирање, сведочење или доживување насилство дома или во заедницата, ограничени социјални вештини, потрадиционални или ригидни ставови за родот, перципирање непријателски намери кај другите, употреба на насилство и согледување дека насилството создава почит и посттрауматско стресно растројство, меѓу другото. Затоа, родот е силен предикативен фактор, но се активира само кога се присутни неколку други општествени фактори. Врските помеѓу одредени очекувања за мажественост и огненото оружје ги ставаат одредени

21 В.: Хајлман, Б., Баркер, Г. и Харисон, А. (2017 г.), Кутијата на мажот: студија за тоа како да се биде млад маж во САД, Велика Британија и Мексико, Вашингтон и Лондон: Промундо-САД и Унилевер.

22 SEESAC, Родот и МЛО во Југоисточна Европа: главни загрижености и одговори на политиката.

23 В.: Пејџ, Ела, 2009 г., „Мажи, мажественост и оружје: можеме ли да ја прекинеме врската?“, IANSA; Манковски, Ерик. 2013. „Претходници на насилството со оружје: Род и култура“, во „Насилство со оружје: предвидување, превенција и политика“, Американско здружение на психолози; Беван, Џејмс и Николас Флоријан, 2006 г., „Малку опции освен оружјето: гневни млади мажи.“ Во „Истражување за мало оружје за 2006 г.: незавршена работа“, Женева: Истражување за мало оружје.

24 SEESAC, 2006, Пушката го има ѓаволот во себе – културата на оружјето во Југоисточна Европа.

25 Пејџ, Ела, 2009 г., „Мажи, мажественост и оружје: можеме ли да ја прекинеме врската?

26 Беван, Џејмс и Николас Флоријан, 2006 г., „Малку опции освен оружјето: гневни млади мажи.“ Во „Истражување за мало оружје за 2006 г.: незавршена работа“, Женева: Истражување за мало оружје.

подгрупи мажи (претежно, но не исклучиво, млади мажи) во поголем ризик и од употреба на оружје и од станување жртви на вооружено насилство.

**КТО треба да ги земе предвид специфичните фактори што ги ставаат (младите) мажи во ризик или поттикнуваат ризично однесување при изработката и на профилот на проблемот и на профилите на лицата.**

**Со оглед на овие постојани ризици кај младите мажи, КТО треба да размисли за изработка на проблемски профил за вклученоста на младите мажи во криминал со огнено оружје, за да се разберат подобро постојните и новите серии на кривични дела или инциденти, приоритетните локации и другите идентификувани високоризични проблеми. Таквиот специфичен проблемски профил може да даде детали за криминалните трендови кај младите мажи (вклучувајќи ги и жариштата) што бараат подетална анализа отколку што може да понуди тактичката проценка, да помогне во идентификацијата и селекцијата на субјекти (осомничени или жртви), да овозможи приоретизирање на конкретни проблеми што претставуваат ризик, да ги покаже празнините во разузнавањето и да истакне можности за превенција, разузнавање, спроведување на законот и уверување на заедницата.**

**Покрај проблемскиот профил, родовите аспекти поврзани со младите мажи треба да послужат како основа и за профилите на лицата, за да се обезбеди детален извештај за осомничениот/ите или жртвата/ите, да се помогне во истраги за обемни или сериозни кривични дела или да се поддржи истражувачката работа. Профилите на лица можат да помогнат и во наоѓањето приоритетни лица за истрага.**

*Фактори и индикатори за ризично однесување поврзано со млади мажи што КТО треба да ги земе предвид се следните:*

- *насилни дела против жени и членови на одредени групи категоризирани, на пример, според нивната етничка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост, возраст, религија итн.*
- *претходни малолетнички деликти,*
- *припадност на банди и хулиганство,*
- *врсничко насилство, особено силеџиство,*
- *насилство на спортски настани,*
- *злоупотреба на супстанции, вклучувајќи алкохол или droги, што може да укажува на можно нарушување на расудувањето и губење на самоконтролата,*
- *опасно, неодговорно или невнимателно возење,*
- *компјутерски криминал и*
- *суровост кон животни, особено мачење или повредување.*

*Во однос на социјалните медиуми и однесувањето на интернет, посебно внимание треба да се посвети на секоја содржина што:*

- *промовира или величи насилство во кој било контекст,*
- *содржи мизогинистички ставови, говор на омраза кон жени и девојчиња или други силно изразени предрасуди кон жените,*
- *оправдува или повикува на насилство врз жените и девојчињата или родово засновано насилство, вклучувајќи сексуално насилство, вознемирување и злоупотреба,*
- *содржи позитивни изјави за масовни пукања, вклучувајќи објави за сторители на масовни пукања во минатото,*
- *содржи говор на омраза или насилни ставови кон одредени групи категоризирани, на пример, според нивната етничка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост, возраст или религија,*
- *укажува на вмешаност во силеџиство или вознемирување на интернет или во компјутерски криминал,*
- *укажува на припадност на банда,*
- *укажува на радикализација или насилен екстремизам,*
- *промовира насилство на спортски настани,*
- *промовира опасно, неодговорно или невнимателно возење и*
- *укажува на суровост кон животни.*

Вакви контролни листи веќе се користат во Прирачник за родово одговорно издавање дозволи за огнено оружје, изработено од регионалната работна група составена од претставници на министерствата за внатрешни работи од Западен Балкан, со техничка помош од SEESAC.

Целта на прирачник е да се поддржат професионалците што издаваат дозволи за огнено оружје да ја интегрираат родовата перспектива во целата постапка, а притоа:

- делотворно да се спречи злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство, особено при насилство врз жени, со земање предвид на околностите што можат да претставуваат фактори на ризик и
- да се спречи злоупотреба на огнено оружје од групи што се најмногу изложени на ризик од такво однесување, особено од мажи на возраст од 18–30 години.

Покрај тоа, упатството нуди прашања за интервјуа што се спроведуваат во рамки на позадинската проверка, кои треба да ја олеснат проценката на ризиците. Овие прашања имаат за цел дополнително да ја поддржат проценката на ризичните однесувања.

# ПОИМНИК[27]

| | |
|---|---|
| **Род** | Родот се однесува на улогите, однесувањата, активностите и атрибутите што одредено општество во одредено време ги смета за соодветни за мажите и жените. Покрај општествените атрибути и можностите поврзани со тоа да се биде маж или жена, како и односите меѓу жените и мажите, и меѓу девојчињата и момчињата, родот се однесува и на односите меѓу жените и меѓу мажите. Овие атрибути, можности и односи се создадени од општеството и се стекнуваат преку социјализација. Тие се специфични за контекстот и времето и можат да се променат. Родот одредува што се очекува, што е дозволено и што се цени кај жената или мажот во даден контекст. Во повеќето општества, постојат разлики и нееднаквости меѓу жените и мажите во однос на доделените одговорности, активности што ги преземаат, пристапот до ресурси и контролата врз нив и можностите за донесување одлуки. Родот е дел од поширокиот општествено-културен контекст, како што се и други важни критериуми за општествено-културната анализа, вклучувајќи ја и класата, расата, нивото на сиромаштија, етничката припадност, сексуалната ориентација, возраста и други. |
| **Родови норми** | Родовите норми се претстави за тоа какви треба да бидат и како треба да се однесуваат жените и мажите. Тие се стандарди и очекувања кон кои жените и мажите генерално се придржуваат, во рамките на опсег дефиниран од одредено општество, култура и заедница во одредено време. Бидејќи се интернализираат рано во животот, родовите норми можат да создадат циклус на родова социјализација и стереотипизирање. |
| **Родови улоги** | Родовите улоги се општествени и бихевиорални норми кои, во рамките на одредена култура, се сметаат за општествено соодветни за лица од одреден пол. Колективно, родовите улоги честопати ги одредуваат традиционалните одговорности и задачи што им се доделуваат на жените, мажите, девојчињата и момчињата (в. родова поделба на трудот). Родовите улоги можат да еволуираат со текот на времето. |

27 Дефинициите во овој поимник се засноваат на повеќе извори, вклучувајќи: 1. Поимник за родова рамноправност, Центар за обука на UN Women; Прирачник за родова обука за Министерството за одбрана на Република Србија и Вооружените сили на Србија; UNDP SEESAC, Поимник и речник на синоними за родова рамноправност; Европски институт за родова рамноправност;

| | |
|---|---|
| **Пол** | Пол (биолошки пол) се однесува на физичките и биолошките карактеристики што ги разликуваат мажите и жените. Овие карактеристики се засноваат на физиолошки фактори, вклучувајќи: полови хромозоми, репродуктивни органи и различна улога во репродукцијата, хормони и секундарни карактеристики. Половите карактеристики генерално остануваат константни во сите култури и со текот на времето. |
| **Родова рамноправност** | Родовата рамноправност се однесува на еднаквите права, одговорности и можности на жените и мажите и девојчињата и момчињата. Тоа значи дека се земаат предвид интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите, препознавајќи ја различноста меѓу различните групи жени и мажи. Родовата рамноправност не е само женско прашање, туку треба да ги засега и целосно да ги вклучува и мажите и жените. Рамноправноста меѓу жените и мажите се смета и за прашање на човековите права и за предуслов и показател за одржлив развој фокусиран на човекот. |
| **Родова перспектива** | Перспектива што ги зема предвид разликите засновани на родот при испитување на кој било општествен феномен, политика или процес. Терминот „родова перспектива“ се однесува на пристап што го анализира влијанието на родот врз можностите, општествените улоги и интеракциите на луѓето. Овој пристап овозможува родова анализа и интегрирање на родовата перспектива во предложена програма или политика или во организација. |
| **Родова свесност** | Родовата свесност е критичко разгледување на прашањето како разликите во родовите улоги, активности, потреби, можности и права влијаат врз жените, мажите, девојчињата и момчињата во одредена политика, ситуација или контекст. *Извор: Европски институт за родова рамноправност (EIGE)* |
| **Родова статистика** | Родовата статистика е статистика што точно ги одразува разликите и нееднаквостите меѓу жените и мажите во сите области од животот. Родовата статистика се дефинира според следниве карактеристики: (а) **податоци расчленети по пол** — податоците се собираат и презентираат расчленети по пол како примарна и општа класификација; (б) податоците ги одразуваат родовите прашања; (в) податоците се засноваат на концепти и дефиниции што соодветно ја одразуваат различноста на жените и мажите и ги опфаќаат сите аспекти од нивниот живот; и (г) методите за собирање податоци ги земаат предвид стереотипите и општествените и културните фактори што можат да воведат родови предрасуди. Примери за полова пристрасност во собирањето податоци вклучуваат нецелосно пријавување на економската активност на жените, нецелосно пребројување на девојчињата и на бројот на раѓања или смртни случаи кај девојчињата или нецелосно пријавување на насилството врз жените. *Извор: Европски институт за родова рамноправност (EIGE)* |
| **Податоци расчленети по пол** | Податоци расчленети по пол се податоци за лица поделени по пол. Родовата статистика се потпира на податоци расчленети по пол и ги одразува реалностите на животот на жените и мажите, како и прашањата на политиките поврзани со родот. |

| | |
|---|---|
| **Интегрирање на родовата перспектива** | Интегрирање на родовата перспектива се однесува на систематско разгледување на разликите меѓу условите, состојбите и потребите на жените и мажите во сите политики и активности. Интегрирање на родовата перспектива опфаќа оценување на импликациите врз жените и мажите од која било планирана активност, вклучувајќи законодавство, политики или програми, во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за вклучување на грижите и искуствата и на жените и на мажите, во дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките и програмите во политичката, економската и општествената сфера, со цел жените и мажите да имаат еднаква корист, а нееднаквоста да не се продолжува. Крајната цел е постигнување родова рамноправност. |
| **Фемицид** | Фемицид (познато и како феминицид) е намерно, родово мотивирано убиство на жени и девојчиња. Означува убиство на жена од страна на маж, мотивирано од омраза кон жените, презир, задоволство, чувство на сопственост или надмоќ над жените. Фемицидот се разликува од убиството на мажи на неколку конкретни начини. На пример, повеќето случаи на фемицид се извршени од партнери или поранешни партнери и вклучуваат континуирано малтретирање во домот, закани или заплашување, сексуално насилство или ситуации во кои жените имаат помала моќ или помалку ресурси од партнерот.[28] |
| **Женственост** | Женственоста се однесува на различни поими за тоа што значи да се биде жена, вклучувајќи ги и обрасците на однесување поврзани со претпоставеното место на жената во рамките на даден сет на родови улоги и односи. |
| **Мажественост** | Мажественоста се однесува на различни претстави за тоа што значи да се биде маж, вклучувајќи ги и обрасците на однесување поврзани со местото на мажот во рамките на даден сет на родови улоги и односи. |
| **Родово слепо** | Овој термин се однесува на непрепознавањето дека улогите и одговорностите на мажите и момчињата и на жените и девојчињата се доделуваат во конкретни општествени, културни, економски и политички контексти и средини. |
| **Родово сензитивно** | Родово сензитивно се однесува на особината да се земат предвид родовите норми, улоги и односи. Укажува на родова свесност, иако честопати не се преземаат корективни мерки и не се отстранува нееднаквоста генерирана од нееднакви норми, улоги или односи. |

28 Светска здравствена организација, 2012 г., Разбирање и справување со насилството врз жените.

| | |
|---|---|
| **Родово одговорно** | Родово одговорен е пристап во кој родот е клучен за постигнување позитивни резултати. Овој пристап го става родот во сржта на програмирањето, со примарна цел да ги трансформира рестриктивните родови норми, улоги и нееднаквите односи на моќ. Систематски ги испитува родовите норми, улоги и односи и за жените и за мажите, вклучувајќи ги нивните посебни потреби и начините на кои овие динамики го обликуваат пристапот до ресурсите и контролата врз нив. Програмирањето во оваа категорија обично поддржува иницијативи за прераспределба на моќта, подобрување на заедничкото донесување одлуки и промовирање на правична контрола врз ресурсите, истовремено унапредувајќи го експлицитно зајакнувањето на жените. Интервенциите се насочени и им користат на специфични групи жени или мажи (или и двете), за да се задоволат одредени потреби или да се постигнат утврдени цели на политиката и програмата. |

# Избрани ресурси за род и контрола на мало и лесно оружје на SEESAC

Злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан: клучни трендови и предизвици, (2025).

Улогата на жените во контролата на МЛО во Западен Балкан, (2025).

Разбирање на факторите кои ја поттикнуваат побарувачката на огнено оружје во Западен Балкан – наоди и препораки од истражувањето, (2025).

Упатства За службениците и службеничките во Министерствата за внатрешни работи и полициските служби за комуникација со медиумите во случаи на злоупотреба на огнено оружје при родово засновано насилство, (2024).

Анализа на медиумското известување за злоупотреба на огнено оружје во родово-базирано насилство на мажи врз жени во Западен Балкан, (2024).

Прирачник за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотреба на огнено оружје во семејно насилство, (2024).

Прирачник за родово одговорен процес на одобрување дозволи за огнено оружје, (2024).

In Focus Armed Violence Monitors

Guidelines for Gender Analysis of Legislation and Policies Relevant for Small Arms Control, (2022).

Gender Analysis of SALW Control Legislation and Policies in the Western Balkans – reports (2022).

Краток документ за мрежата на глобални политики на UNDP: Контрола на малото оружје – Случајот за интеграција на родовата перспектива, (2022).

SALW Surveys, (2019).

Men and Firearms in Southeast Europe, (2019).

Gender and Small Arms: Fast Facts, (2019).

Родот и контролата на МЛО - Главните проблеми и одговорот на политиките во Југоисточна Европа, (2016).

Практичен инструмент за интеграција на родовата перспектива во регулативата и политиките за контрола на мало и лесно оружје, (2016).



CIP